# За интерпретациите на Аристотеловото сфаќање на поимот „топос“ во современата теорија на аргументацијата

Ана Димишковска Трајаноска
Филозофски факултет - Скопје
Институт за филозофија
modesti27@yahoo.com

Ревитализирањето на изворната смисла и целина на Аристотеловото логичко учење, кое на современата логичко-философска сцена почна да се одигрува околу средината на дваесеттото столетие, ја наметна потребата од повторно промислување на некои од неговите темелни концепти, како пререквизит за подобро разбирање на дострелите на овој непроценливо драгоцен дел од античкото интелектуално наследство.

Современата теорија на аргументацијата, сфатена како комплекс од истражувања на полето на неформализираната логика и практичното расудување, се разви под директно влијание на обновениот интерес за преплетеноста на логичките и реторичките компоненти на рационалната комуникација, која на систематски начин е третирана токму во Аристотеловата логичка теорија.[1] Имено, во корпусот на Аристотеловите списи од логичка провениенција[2], воочливи се зачетоците на двете глобални ориентации со кои подоцна ќе биде обележана целата историја на логиката како дисциплина, и кои можат да се наречат, respective, „техничка“ и „реторичка“ логика.[3] Така, основите на „техничката логика“ се претставени во *Категориите*, *За толкувањето*, и *Првата* и *Втората Аналитика*, и овие списи всушност го содржат јадрото на теоријата на т.н. „аналитичко расудување“, односно расудување кое поаѓа од вистинити премиси и нужно води до вистинити конклузии. Идеите, пак, кои ја обликуваат „реторичката логика“ се содржани во *Топиката*, *За софистичките побивања* и *Реториката*. Списите од оваа група се извор за реконструкција на Аристотеловата теорија на дијалектичкото расудување, т.е. оној вид расудување, кој поаѓа од веројатни премиси и чии конклузии не можат да го достигнат статусот на демонстративна извесност, туку можат да претендираат единствено на поголем или помал степен на веројатност. Современите истражувања од областа на теоријата на аргументацијата изворот на својата инспирација го наоѓаат токму во списите од втората група, кои беа неоправдано занемарени како предмет на логичкиот интерес во рамките на нововековната философија.

Како една од клучните категории во теоријата на дијалектичкото расудување недвосмислено се наметнува и поимот „топос“(τόπος), односно во множина „топоси“ (τόποι, „loci“, „места“), бидејќи, според Аристотеловата определба, токму „топосите“ го претставуваат предметот на дијалектичките и реторичките силогизми.[4] Според тоа, адекватната интерпретација на овој поим е од клучно значење за стекнување на

попродлабочен увид во начинот на кој Аристотел ги сфаќа механизмите на дијалектичкото расудување; имено, нивниот логички третман, токму поради елементот на неконклузивност кој го содржат, претставува можеби и поголем теориски предизвик отколку третманот на механизмите на аналитичкото расудување.

Сепак, во современата теорија на аргументацијата, наспроти општоприфатеното уверување за важноста на категоријата „топос", впечатливо е отсуството на нејзината јасна и еднозначна дефиниција.

Во обидот за поблиско определување на овој поим се преплетуваат две различни конотативни линии, од кои секоја е поврзана со специфичниот агол од кој се согледува функционирањето на аргументите во процесот на расудувањето.

Едната линија го нагласува динамичкиот аспект на овој процес, афирмирајќи ја изворната смисла на дијалектиката како вештина на дебатирање, односно специфична аргументативна техника, со чија помош напаѓачот настојува да го победи својот противник, застапникот на определено гледиште, така што ќе го принуди да прифати тези, кои си противречат една на друга. Суштината на оваа аргументативна процедура се состои во еден вид систематска игра на прашања и одговори: напаѓачот најнапред му нуди на бранителот теза во облик на прашање, на кое тој треба да одговори на потврден или на одречен начин.[5] Во зависност од одговорот, опонентот го напаѓа соодветниот афирмативен или негативен исказ, настојувајќи притоа, со повикувањето на општоприфатените мненија (претпоставки) да извлече од бранителот одреден заклучок, кој подоцна ќе може да го употреби во своја полза. Во обидот на опонентот своите прашања да ги формулира на таков начин, што ќе го принуди бранителот на крајот да си противречи самиот на себеси, тој се служи со различни „топоси", сфатени како посебни аргументативни техники, шеми или процедури, кои можат да му помогнат да ја оствари својата цел.

Другата линија на интерпретација на поимот на „топос", се потпира врз т.н. „географска метафора за умот"; според неа, топосите се „места", „локации", „резервоари" на аргументите, од кои застапникот на одредена теза може, според потребите, да ги црпи сопствените аргументи. Ваквата интерпретација ги влече своите корени уште од римската реторичка традиција; така, според прочуената Квинтилијанова метафора, различните типови аргументи можат да се споредат со различни видови дивеч по кои треба да се трага токму на теренот - местото! - кое тие природно го населуваат. Метафората на ловот или на риболовот - како што, коментирајќи го овој став, забележува Плантен (Plantin) - подвлекува дека оној, кој аргументира, не може да ги создаде своите аргументи ex nihilo, исто како што ниту ловецот ниту риболовецот не го содаваат својот плен, дивечот или рибите. Оттаму, потрагата по аргументите релевантни за одреден случај се сфаќа не како чин на создавање, туку како чин на откривање, изнаоѓање на нешто што е веќе постоечко, како преглед на едно конечно множество од можни аргументи[6]. Ако оваа топографска концепција за умот се истражи до нејзините радикални консеквенци, ќе се дојде до заклучокот дека „можноста за измислување на нови аргументативни шеми е исто толку неверојатна, колку што е и можноста за додавање на суштински нови категории на човечкиот интелект: овие шеми наликуваат на географски карти врз кои, по сопствена волја, до бесконечност можат да се додаваат нови патеки, но тие нема да го изменат општиот лик на пејсажот"[7] („il n'est pas plus concevable d'inventer de

nouveaux arguments que d'ajouter de nouvelles catégories à l'esprit humain; ces schémas d'arguments en sont de véritables cartes sur lesquelles on peut introduire de nouveaux tracés, à volonté, à l'infini, mais ils ne modifient en rien l'allure générale du paysage").

Имајќи го предвид преплетувањето и заснованоста на секоја од споменатите две интерпретации, едни од најзначајните современи истражувачи на полето на теоријата на аргументацијата, Имерен (Eemeren), Хротендорст (Grootendorst) и Краухер (Kruiger), пледираат за нивно синтетизирање, со предлогот поимот „топос" да се сфати во смислата на „потег" (move) во аргументативниот „натпревар" кој, како и секој натпревар може да се добие или изгуби. Со тоа концептот на топосот добива нагласена „стратегиска" димензија: тој претставува „тактичко помагало при конструирањето на аргументот за или против определена теза"[8] („tactical aid in setting up an argument for or against a thesis"). Со ваквото сфаќање, споменатите автори настојуваат да ја доловат двојната природа на топосот - топографска и процедурална едновремено. Од една страна, топосот служи за наоѓање премиси, кои можат да бидат употребени во конструирањето на определен аргумент, а од друга страна, како гаранција дека од избраните премиси може да се изврши преминот кон конклузијата. Таквата природа наоѓа свој одраз и во двојството на неговите фукции: 1) *селективната функција*, која му соодветствува на топографскиот карактер на „потегот", и благодарение на која тој, од мноштвото можни премиси, ги избира токму оние кои ќе бидат употребени во аргументот, 2) *функцијата на гарант* на преминот од премисите кон конклузијата, која соодветствува на неговиот процедурален аспект и го потврдува неговиот карактер на „правило"[9]. Оттаму, како што секој потег не е соодветен за секој напад, така и изборот на потегот зависи од тезата, на која треба да ѝ се спротивстави учесникот во дебатата. Во таа светлина, Аристотеловото лоцирање на четирите основни елементи од кои поаѓаат дијалектичките докажувања во *Топика* - дефиницијата, својството, родот и акциденцијата - може да се сфати како класификација на потенцијалните тези, според критериумот на начинот, на кој предикатот искажува нешто за субјектот. [10] Ваквата класификација е предуслов за составување на инвентарот на потези, со кои во пракса може да се конструираат конкретните аргументи против, односно за определена теза, а кои Аристотел детално ги разработува во своите „дијалектички" списи.

Наведените согледби, се разбира, не настојуваат да ја промовираат споменатата „синтетичка" интерпретација, односно преводот на „топос" со „потег"(„move"), кој го предлагаат Имерен, Хротендорст и Краухер, во последен збор на современата теорија на аргументацијата, која дефинитивно ќе го апсолвира ова прашање. Сепак, се чини дека нејзината основна теориска доблест се состои во тоа, што таа воведува една нова перспектива, која води сметка за двете доминантни линии на дотогашните интерпретации и едновремено, со акцентирање на агонистичката димензија на дијалектичкото расудување, отвора ново поглавје во современата дебата за овие древни, а неодминливи логичко-философски, но и јазични прашања.

## Референци:

1. Аристотел, *Реторика,* (превод од старогрчки, предговор, белешки и коментари: Весна Томовска), Македонска книга, Скопје, 2002.

2. Aristotle, *On Sophistical Refutations, On Coming-to-be and Passing Away, On the Cosmos*, London, William Heinemann ltd., Cambridge, Massachusetts, Harvard University Press, MCMLXII.
3. Aristotle, *Posterior Analytics, Topica*, London, William Heinemann ltd., Cambridge, Massachusetts, Harvard University Press, MCMLXII.
4. Aristotle, *The Categories, On interpretation, Prior Analytics*, London, William Heinemann ltd., Cambridge, Massachusetts, Harvard University Press, MCMLXII.
5. Димишковска-Трајаноска А., *Прагматиката и теоријата на аргументацијата*, Ѓурѓа, Скопје, 2001.
6. Eemeren, F. van, Grootendorst R., and Kruiger, T., *Handbook of Argumentation Theory - A Critical Survey of Classical Backgrounds and Modern Studies*, Dordrecht: Foris, 1987.
7. Fisher, W., Technical Logic, Rhetorical Logic and Narrative Rationality, in: *Argumentation* no 1, 1987, pp. 1-21.
8. Green-Pedersen, N.J., *The Tradition of the Topics in the Middle Ages: the commentaries on Aristotle's and Boethius Topics*, München, 1984.
9. Perelman, Ch. et Olbrecht-Tyteca, L.: *Traité de l'argumentation*, 3ème édition, Bruxelles, Editions de l'Université de Bruxelles, 1976.
10. Plantin, Ch., *Essais sur l'argumentation*, Kimé, Paris, 1990.

# Белешки:

[1] За ова сведочи не само насловот, туку и содржината и дуѓот со кој е проткаено делото што важи за фундамент на современата теорија на аргументацијата – „Трактат за аргументацијата – нова реторика" (1958) од Хаим Перелман (Chaim Perelman) и Лиси Олбреѓт – Титека (Lycie Olbrechts-Tyteca).

[2] во кои, по повеќе основи, често се вбројува и неговата *Реторика.*

[3] Walter Fisher, Technical Logic, Rhetorical Logic and Narrative Rationality, in: *Argumentation* no 1, 1987, pp. 1-21.

[4] Со оглед на повеќеслојноста на овој поим и разијдувањата во неговата интерпретација, кои всушност и се предмет на овој текст, тука „топос" го усвојуваме во неговата транскрибирана, неинтерпретирана форма, во која може да послужи како технички термин на логичката теорија (сфатена во поширока смисла).

[5] Дијалектичката премиса, вели Аристотел, е „одговор на прашањето кој од двата противречни искази треба да биде прифатен" *An Pr*. 24a 25

[6] Christian Plantin, Essais sur l'argumentation, Kimé, Paris, 1990, p. 238

[7] ibid., p. 241

[8] Eemeren, F.H. v., Grootendorst, R. and Kruiger, T., *Handbook of Argumentation Theory – a critical Survey of Classical Backgrounds and Modern Studies*, Foris, Dordrecht, 1987, p.65

[9] Начинот на кој функционира топосот во дебатите, Имерен, Хротендорст и Крауѓер го илустрираат со примерот на дискусијата во која напаѓачот го користи (посебното) место-потег „она што се посакува поради него самото е попожелно од она кое се посакува единствено со цел да се постигне нешто друго". (1) Напаѓачот: „Дали здравјето е попожелно одошто гимнастиката"? (2)Бранителот: Здравјето не е попожелно од гимнастиката.(3) Дали она што се посакува поради него самото е попожелно од она што се посакува со цел да се постигне нешто друго? (4) Да. (5) Дали здравјето се посакува поради него самото? (6) Да.(7) Дали гимнастиката се посакува поради самата себеси или со цел да се постигне нешто друго? (8) Со цел да се постигне нешто друго. (9) тогаш, дали здравјето е попожелно одошто гимнастиката, или не? (10) „..." Битката, за бранителот, очевидно е загубена уште со потврдниот одговор на прашањето 3, кога се согласува со топосот; споредете Eemeren, Grootendorst and Kruiger, op.cit., pp. 65 – 70.

[10] Споредете ibid., p. 66.